**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА МРЕЖАТА ЗА ЈАВНОТО ОСВЕЛТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 ГОДИНА

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2023 ГОД.**

Врз основа на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16) и член 14 став (1) точка 12 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“,бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 07.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година**

**Вовед**

Општина Крива Паланка во изминатите три години го имплементираше проектот за ЈПП за давање на енергетски услуги за јавно осветлување со кој се изврши целосна модернизација на системот за јавно осветлување во урбаниот дел и приградските населби на Крива Паланка. Беа инсталирани и монтирани нови 2217 лед штедливи светилки кои во иднина со мала надградба на системот може да работат и како смарт светилки, односно целосно далечински да се контролираат и управуваaат.

Со можноста за подесување на временскиот период на работење на светилките преку тајмери се остварува значителна заштеда на вкупните трошоци за одржување и за потрошувачка на електрична енергија. Ова е особено важно во последно време кога цената на светските берзи доживеа енормно покачување и има недостаток на електрична енергија.

Исто така со ова значително се придонесе за стабилизација на мрежата за јавно осветлување и подобрување на услугата за испорака на квалитетно јавно осветлување на граѓаните

Трендот на модернизација на постоечката мрежа за јавно осветлување ќе продолжи и во 2024 година на реоните каде не се инсталирани штедливи светилки. Утврдувањето на приоритетите, активностите и потребните средства и начините за подобрување на услугата за обезбедување на квалитетно јавно осветлување за локалното население, согласно постоечките услови и можностите, врз основа на извршената анализа и увиди на лице место ќе се изврши со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година. Програмата е всушност континуитет на имплементацијата на програмата од претходната година, надополнета со одредени нови активности, произлезени од новосоздадените услови на терен. Во рамки на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување се опфатени следните активности:

**А. Изработка на техничка документација за јавно осветлување**

Покрај снимање на опфатот, се предвидуваат и активности поврзани со изготвување на проектно-техничка документација за доизградба и изградба на нови линии и делови од постоечката мрежа. Со изготвувањето на проектно-техничка документација и технички решенија се создаваат услови за аплицирање со проекти од оваа област во различни грантови и кредитни програми. Како приоритети за 2024 година се предвидени изработка на проектно-техничка документација за:

-Докомплетирање на техн.документација за поставување на дополнително јавно осветлување на ул. „Св. Јоаким Осоговски“ на потег стара килимара кон клучка за излез.

-Докомплетирање на техн.документација за осветлување на т.н. Руски Пат кон Манастир

-Техничка документација за урбано осветлување на кејот на Крива Река на потегот од Градски Базен до нас.Бегови Бавчи.

-Техничка документација за урбано осветлување на дел од ул. „Климент Охридски “на потегот од Кантина до воен резервоар.

-Техничка документација за осветлување на дел од ул. „Калин Камен“

-Техничка документација за осветлување на спортско-рекреативни и детски игралишта

Во текот на 2024 година се планира да се продолжи со снимање на опфатот на мрежата за јавно осветлување и внесување на истиот во ГИС системот на општината.

**Б. Изградба, доизградба и реконструкција на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување**

Мрежата за јавно осветлување речиси во целост го покрива урбаниот дел од градот и приградските населби. Со доизградба и реконструкција на патната инфраструктура и проширување на опфатот на урбанизација на општината се јавува постојана потреба од изградба на нови линии и доизградба и проширување на делови од мрежата за јавно осветлување, така да и во 2024 година е предвидено понатамошен континуитет на оваа активност.Се предвидува изградба и доизградба , како и реконструкција на систем за јавно осветлување за делови и реони има обезбедена соодветна техничка документација. Притоа, мора да се напомене дека реализацијата на овие активности е зависна од обезбедување на финансиски средства од други институции според објавени повици за апликации.

-Реконструкција на Осветлување на дел од ул Св Јоаким Осоговски (крак позади пошта од Соларски Мост кон Музеј со средства обезбедени преку МТВ и Светска Банка)

-Реконструкција на осветлување на Градечки и Соларски Мост (средства се обезбедени преку програмата ТАВ во рамките на вкупните проекти за самите мостови како посебна фаза)

-Осветлување на дел од ул. „Калин Камен“ доколку се комплетира техничката документација и се обезбедат финансиски средства

-Осветлување на делови од с.Конопница (локалитет кај пролетерски гаражи, локалитет кај Рампа, кај депонија и др.)

-Осветлување на делови од с. Мождивњак (кај игралиште м.в. Дубје и др.)

-Осветлување на дел од нас.Маневци (после Маневски Мост) со поставување на светилки на постоечки бетонски столбови од ЕВН

-Потег накај манастир, по т.н. руски пат – изготвена е техничка документација која е потребно да се докомплетира и доколку има објава за аплицирање за фин.средства од други институции за ваква намена ќе биде аплицирано

-Осветлување на спортско-рекреативни и детски игралишта

-Поставување на фотоволтаици на пет објекти на јавни институции за кое е обезбедена техничка документација - аплицирано е преку словенечка амбасада за финансиски средства со предвидено кофинансирање на општината

Во делот на проширување мрежата за јавно осветлување во координација со ЕВН ќе бидат поставени дополнителни електрични столбови и кабли, а ќе има активности во повеќе населени каде има потреба и технички можности за поставување на светилки. Тековно ќе продолжи одржувањето на мерните системи во трафостаниците со цел да се изврши целосно осамостојување на системот за јавно осветлување и ќе се подобри ефикасноста на самиот процес на одржување.

**В. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување**

Во 2024 година ќе се продолжи со оптимизација и модернизација на постојниот систем за јавно осветлување со континуирана замена на постојниот тип на дотраени и оштетени светилки, сијалици и други делови и елементи од мрежата за јавно осветлување кои не се опфатени со проектот за ЈПП. Континуирано ќе се врши замена на прегорени/дотраени живини сијалици 125W и натриумови сијалици 110, 150 и 250W, со штедливи FLC и неонски сијалици од 35-55 W, ЛЕД сијалици 30-50W и 12-18W на одредени јавни површини (паркови, игралишта, паркинзи) каде се бара помала оптимизирана светлина, со цел да не се наруши квалитетот на услугата за јавно осветлување.

Во делот на стабилизација на напојувањето на мрежата во 2024 година континуирано ќе се спроведува и делумна реконструкција на инсталиранaта мрежа на повеќе детектирани локации со поставување/замена на постоечките со изолирани проводници и замена на дотраени дрвени столбови во соработка со ЕВН.

Со реализација на оваа активност ќе се продолжи со трендот на поквалитетно осветлување, поголема трајност на светилките, но и помала потрошувачка на електрична енергија, без притоа да се наруши ефективноста и ефикасноста на услугата за јавно осветлување, но и подобрување на општата состојба со мрежата.

Напомена: Одржување на мрежата за јавно осветлување која е опфатена со Договорот за ЈПП врши приватниот партнер.

**Г. Приходи и расходи**

**Приходи**

1. Приходи од наплата на такса за јавно осветлување .................. 13.500.000,00
2.Средства од буџетот на општината и други институции .................. 9.700.000,00
Напомена (Средствата преку програмата ТАВ за осветлување
на мостовите , како и средствата за р-ја на осветлување
на дел од ул од Св.Јоаким Осоговски од МТВ и Светска Банка
не проаѓаат преку буџетот на општината)

---

**Вкупно: 23.200.000,00**

**<u>Расходи</u>**

1. Потрошена електрична енергија за јавно осветлување и за објекти во сопственост на Општина Крива Паланка ........................................... 8.500.000,00
2. Уплата на рата за ЈПП............................................................................ 11.000.000,00
3. Изработка на техничка документација ................................................ 500.000,00
4. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување ................ 1.700.000,00
5. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување ............................................................. 1.500.000,00

---

**Вкупно 23.200.000,00**

Контрола на спроведувањето на Програмата по однос на динамиката и наменското користење на средствата ќе врши Општина Крива Паланка.

**Бр. 09 -5620/37**
**07.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**